Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и Светлана Кузмановска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и Горан Минчев,

министер за јавна администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 август 2024 година до 14 август 2024 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 август 2024 година до 14 август 2024 година (понеделник, вторник и среда) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ослободување од работни обврски за најранливите групи на населението: бремените жени и лица на возраст над 60 години во периодот 12 август 2024 - 14 август 2024 година (понеделник, вторник и среда).

Во истиот период, работодавачите да ги реорганизираат работните активности на градежните работници и на работниците кои работат на отворено, со тоа што ќе се избегне вршење градежни и други работни активности на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

2.Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавачите на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

3.Во установите за згрижување на децата (градинки), да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

4.Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и Центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомни лица.

**Точка 2**

**1.** Владата ја разреши Афрона Врзиволи од должноста вршител на должноста главен ревизор на Резизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

**2.** Владата го именува Арбен Рамадани за вршител на должноста главен ревизор на Резизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го именува Иван Игњатов за вршител на должноста заменик на главниот ревизор на Резизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 3**

Владата, по повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, а во врска со инвестициите на АД ЕСМ во објектот кој е предмет на донесената Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.165/24), заклучи Министерството за финансии да ја достави целокупната документација за недвижните ствари дадени на трајно користење до Секретаријатот за законодавство, со цел Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во соработка со Секретаријатот за законодавство, до Владата да достави соодветен предлог за надминување на ова прашање.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:15 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Хасим Муртезани**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**